

списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на минатото

број 2 • година I, 2014 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005





**Хетитите - заборавен народ**

**Страв и трепет за Сиријците**

**Споменицитe во Кархемиш**

**Потеклото на Асирците**

**Ебла на Тел Мардик**

**Владеењето на Есархадон и Асурбанипал**





*Во овој број:*

# Хетити и Асирија



## Хетити - мајстори на **стратегија**

Пред околу три илјади години Хетитите биле најмоќниот народ на Блискиот Исток. Од географска гледна точка, нивната империја се проширила од Црното Море на север до Дамаск на југ и повеќе од илјада километри на исток до западниот дел на Анадолија (Анатолија), која е сега дел од модерна Турција. Како воена сила, тие биле моќни противници; стратешки биле мошне вешти и имале многу лесни железни кочии со кои знаеле умешно да управуваат. Научиле да јаваат коњи, вештина која другите народи ја применувале дури во подоцнежниот период. Всушност, во ископините од времето на Хетитите бил откриен прирачник за јавање коњи и се смета дека е тоа прв таков прирачник.

## Заборавен народ

Од политички аспект, тие се покажале како поостроумни од сите нивни соседи. Имале многу хуман кодекс на закони и нивните жени биле значително еманципирани. Сепак, не само што овој голем народ исчезнал од историската сцена туку бил изгубен и комплетно заборавен, така што историчарите од деветнаесеттиот век дури и го негирале неговото постоење. Изданието на енциклопедијата Британика од 1861 г., под насловот „Хетити“, содржи само осум и пол реда и, ако ги прочитате внимателно, ќе забележите дека е тоа само кратка содржина од она што го наоѓаме во Библијата.

*„ХЕТИТИ - деца или потомци на Хет, биле едно од племињата на Хананците кои ја окупирале Палестина пред Израелците. Тие живееле во планините на Јудеја околу Хеврон и го задржале својот национален идентитет, дури и по враќањето на Израелците од ропство. ‘Кралевите на Хетитите’ честопати биле споменувани во врска со кралевите на Сирија; а во времето на Јорам, нивниот сојуз со Египќаните предизвикувало страв кај окупираните жители на Самарија“* (Енциклопедија Британика, 1864, том XI, VIII издание).



## Хетитите во времето на Аврам и Мојсеј

Всушност, во Библијата честопати се споменува овој народ, па така зборот *Хетити* се појавува 46 пати во преводот на кралот Џемс (King James Version). Ние читаме за нив во 1. Книга Мојсеева 23,3.4.6.19, кога, по смртта на својата жена Сара, Аврам им рекол на Хетитите: *„А кога се оддели Аврам од покојницата своја, им рече на синовите Хетеови, велејќи: ‘Странец сум и придојден кај вас; дајте ми да имам гроб кај вас, за да ја погребам покојницата своја’“*, а тие му одговориле: *„Ти си Божји избраник во наша средина... А тогаш Аврам ја погреба својата жена Сара во пештерата на нивата Макпела, спроти Мамвриј, а тоа е Хеврон, во Хананската земја“.*[1]

Кога Израел се подготвувал да се насели во „ветената земја“, на Мојсеј му било кажано на кои народи ќе наиде таму (5. Мојсеева 20,17): *„Туку предај ги на проклетство Хетејците, Аморејците, Хананците, Перизијците, Евејците и Јевусијците“.* Ќе забележите дека Хетитите не се единствените што се споменуваат тука, но тие биле ставени на врвот на листата пред некои силни и добро познати народи.



Хетитите честопати се споменуваат во Библијата

## Страв и трепет за Сиријците

Уште позначаен текст се наоѓа во 2. Книга за Царевите 7,6. Самарија била под опсада од страна на Сиријците, но наеднаш Сиријците избегале преплашени, *„зашто Господ беше направил така што во арамејскиот логор се слушна топот од коли, `ржење на коњи, шум од голема војска. И Арамејците си беа рекле еден на друг: ‘Навистина, израелскиот цар ги најмил против нас хетитските и египетските цареви за да нè избркаат’“.* Не само што Хетитите тука се опишани како оние што предизвикале страв и трепет во срцата на сириските војници туку се ставени и пред Египќаните.

И така, според библиските докази, Хетитите биле значаен и моќен народ. Сепак ниту еден од поранешните историчари не ги споменал; затоа критичарите зборувале дека тоа е само една меѓу многуте легенди. *„Хетити?“*, би кажале потсмешливо, *„тоа е уште една библиска грешка! Не постои таков народ! Историјата не знае ништо за нив“.*

[1] Цитатите се преземени од преводот на Светото писмо (Библијата) на македонски јазик во издание на Библиското здружение на РМ каде стои: ***Хетејци, Хетејско царство, хетитски цареви...***



Јохан Буркхарт

# **Повторно откриен** народ

Сторијата за откривањето на Хетитите ја содржи целата драматичност и напнатост како во некој бестселер.

Всушност, таа почнува во 1810 година, со еден настан во животот на швајцарскиот истражувач по име Јохан Буркхарт (Johann L. Burckhardt). Две години подоцна тој ќе го открие изгубениот град Петра во Јордан и ќе се врати да му каже на светот за чудата на розовиот град. Во текот на своето патување, Буркхарт го посетил градот Хамат во Северна Сирија и таму, во темелите на една градба, забележал некои големи и издолжени камења кои биле испишани со необично хиероглифско писмо. Тоа не било египетско, но чие ли е? Буркхарт не знаел, но и никој друг не знаел да му каже. Не му припаѓало на ниту еден познат народ.

Во 1822 г., две години по смртта на Буркхарт, била издадена неговата книга со наслов „Патувањата во Сирија и Светата Земја" („Travels in Syria and the Holy Land"). Во неа тој опишал „камен со многу мали фигури и знаци кои изгледаат како некој вид хиероглифи, но не одговараат со египетските". Чудно е што истражувачите не се заинтересирале да ја проучат оваа информација, но најверојатно во книгата имало многу други интересни забелешки, така што ова било изоставено како детаљ. Дури половина век подоцна, хетитските хиероглифи повторно го привлекле вниманието на истражувачите.

# Изгубениот град близу до **Богазкале**



Богазкале - Хатуша

Во 1834 г. францускиот истражувач Шарл Тексие (Charles Texier) патувал низ централна Турција во потрага по изгубениот римски град Тавиум (Tavium). Во текот на своето патување тој стигнал до едно мирно село наречено Богазкале (Bogazkale). Според својот обичај, тој почнал да се распрашува за древните урнатини и му било посочено дека погоре на ридот има уште многу такви. Бил восхитен од тоа што го видел. Имало скулптури од камења, напуштени улици опкружени со ѕид долг пет километри. Тоа не бил Тавиум. Ова било нешто многу поголемо; но за што станувало збор? Кој го изградил и го населувал овој голем град? Не се вклопувал ниту еден антички народ, па Тексие си заминал збунет.

Урнатините што ги видел Тексие припаѓале на древниот исчезнат хетитски град Хатуша (Hattusas), близу до денешното село Богазкале, познато и како Богазкој (*боѓаз* значи *уста* или *теснец*, *кале* е *тврдина*, а *кој* е *населба*).

# Релјефот на **Јазиликаја**

Пријателски расположен Турчин го повел Тексие низ една долина до местото каде што имало големи карпи коишто сиркале од земјата. Местото било познато како Јазиликаја (Yazilikaya). Тука, врежан во една од карпите, имало ред од фигури со зашилени шапки. Што претставувале тие? Кралеви? Војници? Богови? Тексие бил мошне збунет и зачуден. Во Јазиликаја се наоѓал уште еден комплекс на древните Хетити, на само три километри од Богазкале.

Наредната година еден британски патешественик, Вилијам Хамилтон (William Hamilton), дошол до Богазкале и го видел сето она што пред него го видел и Шарл Тексие. Дваесетина километри северно забележал уште еден напуштен град кој Турците го нарекувале Алаџахујук (Alacahuyuk). Хамилтон бил подеднакво зачуден од тоа што го открил.

Во 1862 г. еден Французин, Жорж Перо (George Perrot), дошол во Богазкале. Освен она што го виделе неговите претходници,



меѓу урнатините тој забележал „камен со лик", познат кај локалното население како Нишан Таш (Nishan Tash), по чија должина се наоѓал подолг хиероглифски натпис. Се разбира, Перо не знаел што пишувало на карпата, но бил заинтригиран од чудните знаци.

# **Хаматските** камења

Во 1870 г. двајца Американци, Џ. А. Џонсон (J.A. Johnson) и доктор Џесуп (Doctor Jessup), патувајќи низ пазарот во Хамат, ги забележале не само камењата што ги видел Буркхард туку видделе уште и три други. Кратко време потоа, во Алепо бил откриен друг сличен камен. Трагата станувала жешка.

Во 1872 г. на сцената настапува друг човек со малку поинаков профил. Тоа бил Вилијам Рајт (William Wright), ирски мисионер кој го владеел локалниот јазик, ги разбирал луѓето и што било најважно, бил во добри односи со гувернерот, Суби Паша (Subhi Pasha). Гувернерот бил просветен човек и Рајт успеал да го убеди дека камењата (карпите) треба да бидат испратени во музејот во Константинопол за да се сочуваат. Но токму тогаш почнале неволјите.

Изгледа дека локалните жители биле суеверни; верувале дека тие камења имаат моќ да лекуваат очни болести, кои не биле ретки во таа област. Кога луѓето на гувернерот почнале да ги откопуваат и да ги преместуваат камењата, жителите гласно протестирале, но благодарение на воените сили на гувер-



нерот, тој успеал да ја заврши задачата и да ги пренесе камењата во својата палата. Меѓутоа, тогаш неволјите кулминирале.

## Растрчани дервиши и паѓање на ѕвездите

Истата вечер, трчајќи низ улиците на градот, дервишите ги „подгреале“ емоциите на жителите, а згора на тоа се случило и „паѓање на ѕвездите“, што предизвикало зголемување на суеверието кај луѓето. Тие насилно влегле во палатата. Да не биле заштитени од војниците, Рајт и гувернерот не би ја дочекале зората живи.

Наредното утро толпата сè уште била таму и гувернерот ја сослушал групата која ги изложила проблемите и жалбите. Тој ги примил и мирно ги сослушал претставниците на толпата кога му зборувале дека Алах го покажал своето негодување преку „ѕвездите што паѓале“ и потоа им поставил неколку прашања: „Дали некој беше повреден од ѕвездите што паднаа?“ „Не“, одговориле тие. „Дали беше убиен добитокот?“ „Не“. „Дали беа оштетени некои градби?“ „Не“. „Ах“, рекол гувернерот, „тогаш има ли подобар доказ за добрата волја на Алах што камењата се преместени?“ Соочена со овој бисер на источна мудрост, толпата се повлекла и камењата од Хамат останале на сигурно во гувернеровата палата.

## Сместени во музеј

Рајт тогаш имал можност да ги испита хиероглифите што биле испишани на нив, ги отпечатил и ги пратил во Британскиот музеј. Хаматските камења биле преместени во Истанбул, каде што се наоѓаат и денес.

Во Истанбул денес има два музеја во близина на палатата Топкапи на отоманските Турци. Едниот главно содржи остатоци од римско време, а во другиот има хетитски ракотворби.

Во Хетитскиот музеј се наоѓаат Хаматските камења, поставени на еден од ѕидовите. Тие имаат примарна важност, бидејќи се првите предмети што го привлекле вниманието на историјата на Хетитите. Ова било време кога Хетитите биле непознати за научниците, иако се споменуваат 46 пати во Библијата. Денес се знае дека тоа било големо кралство, кое со векови останало загубено и заборавено.



Хаматските камења (на ѕидот)

## Спомениците во Кархемиш

Во 1876 г. вршени се ископувања на подрачјето на древниот Кархемиш, околу сто километри североисточно од Алепо, во близина на границата меѓу Турција и Сирија. Таму биле откриени голем број историски споменици од истиот стил како оној забележан во Турција, а имало и повеќе камења на кои биле вдлабнати истите таинствени хиероглифни симболи.

Откритијата сега се случувале во поголем број и почесто. Натписи биле пронајдени дури и во Смирна, на западниот брег на Турција, а сепак никој не се обидувал да погодува кој ги направил сите тие историски споменици. Како и да е, едно било сигурно: со овие простори некогаш владеел еден голем и култивиран народ, и јавноста почнала да им поставува на научниците некои мошне непријатни прашања во врска со неговиот идентитет.



Сфингата од Кархемиш

## Библиските Хетити

Во 1880 година се случила т. н. „експлозија на археолошки бомби“. На еден состанок на Здружението за библиска археологија во Лондон (Society for Biblical Archaeology) еден млад, но мошне познат научник, ориенталистот Арчибалд Хенри Сејс (Archibald Henry Sayce), изјавил дека е убеден дека сите овие историски обележја потекнуваат од библиските Хетити.

Хетити? Критичарите гласно се изнасмеале. Па сите знаат дека Хетитите биле само производ на библиската имагинација, или, во најдобар случај, тоа било некое безначајно племе кое окупирало некој агол на Палестина во времето на израелската инвазија.

Но Сејс останал на својот став. Тој веќе добро го проучил овој предмет, а направил и одредени истражувања на самото место во Турција, по што продолжил со натамошно проучување. Дебатата не само што ги вжештила односите меѓу научниците туку се проширила и меѓу новинарите и британската јавност, чија имагинација отсекогаш лесно се распламтувала за археолошки откритија.



Во 1881 година било објавено ново издание на енциклопедијата Британика и овој пат, под името „Хетити“, немало само осум и пол реда туку цели две страници. Параграфот завршувал со следниот текст: *„Со трпение чекаме професорот Сејс да го потврди своето гледиште дека Хетитите биле автори на хиероглифите од Хамат... Доколку се докаже ова... овој прекрасен народ ќе заземе позиција која тешко ќе биде надмината од кој било друг народ на далечниот Исток“.* Овие зборови зву-

челе како пророчки и ние дури сега можеме да ја насетиме нивната важност.

## Хетитската **империја**

Конечно, во 1884 година, Вилијам Рајт ја издал книгата „Хетитската империја" (The Empire of the Hittites), каде што презентирал толку многу научни докази, што секое натамошно негирање на овој народ е нелогично и невозможно, и критичарите морале да се повлечат. Не само што Хетитите биле несомнено идентификувани туку зазеле и свое место како еден од најголемите древни народи. Изданието од 1964 година на енциклопедијата Британика содржи тринаесет страници на оваа тема.

Но, потрагата по вистината, всушност, штотуку започнала. Да, идентитетот на Хетитите бил веќе со сигурност потврден, но сè уште ништо не се знаело за нивната историја. Тоа не би можело да се открие сè додека не се разбере јазикот на Хетитите и нивното писмо.

Првото сознание во оваа насока не дошло од Турција, ниту пак од Сирија, туку од речиси две илјади километри оддалеченост, од Египет. Во 1887 година биле откриени писмата од Тел ел Амарна. Тоа биле глинени плочки на кои биле втиснати пораки на акадско клинесто писмо упатени до египетскиот фараон Ехнатон. Докажано е дека едно од овие писма е од хетитскиот крал Супилулиумас I до Акенатон, со кое тој му го честита стапувањето на тронот. Ова било од особена важност, бидејќи, не само што го открива името на хетитски крал туку го открива и временскиот период во кој тој може да биде датиран. За првпат можело да се поврзе еден датум со хетитски владетел.

## Писмата од **Арзава**

Две Тел ел Амарна писма биле особено значајни – тоа биле, всушност, две плочи познати како Арзава-писма (Arzawa), на кои биле читливо втиснати знаци, но на досега непознат јазик. Научниците претпоставувале дека станува збор за хетитски јазик и почнале да работат на откривање на гласовите и конструкцијата на овој новооткриен јазик.



Во 1902 г. еден норвешки научник Ј. А. Кнудцин (J. A. Knudtzin), го истакнал своето мислење дека хетитскиот јазик има индоевропско потекло. Оваа негова сугестија била проследена со големо исмевање од страна на критичарите: семитски јазик - да; хanански (канаански) - можеби; но индоевропски - никогаш. Тие користеле толку убедливи аргументи за да го докажат своето мислење, што Кнудцин се почувствувал обврзан да се откаже и да признае дека погрешил, но времето покажало дека тој бил во право.

Во 1906 г. се случило уште едно мошне значајно откритие. Хуго Винклер (Winckler) бил Германец со незгоден карактер. Тој бил човек кој, штом ќе запознае некого, се претворал во негов непријател. Воопшто не бил соодветно лице за археологија, не покажувал склоност кон друга култура. Всушност, тој воопшто и не бил археолог. Бил филолог, стручњак за пишување, и во неговата сфера бил мошне успешен. Знаел да го чита акадското клинесто писмо како што вие го читате вашиот утрински весник. По убедување бил антисемит, но со радост ги прифатил средствата од еврејските донатори кои ги финансирале неговите истражувања.

## Древен **мировен договор**

Винклер пристигнал во Богазкале и веднаш почнал со ископување. Се разбира, тој бил повеќе заинтересиран за записите отколку за спомениците и, веруvале или не, пронашол околу десет илјади глинени плочки. Повеќето од нив биле испишани не само со познато клинесто писмо, туку и на познатиот вавилонски јазик.

Винклер веднаш започнал да ги преведува, и така еден ден, додека преведувал, зел една таква плочка и не можел да поверува во тоа што го чита. (Во првиот број, во темата со наслов „Египетската империја", говоревме за битката кај Кадеш и за мировната спогодбата меѓу египетскиот фараон Рамзес Велики и хетитскиот крал Хатусилис).

Текстот на оваа спогодба меѓу Египќаните и Хетитите е испишан на јужниот ѕид на египетскиот храм во Карнак и бил многу добро познат меѓу научниците. Сега Винклер имал можност да ја прочита хетитската верзија на овој мировен договор!



Хатуша - реконструкција

Исто како и во денешно време кога се потпишува договор меѓу две договорни страни при купопродажба на куќа, или, пак, кога се разменуваат и потпишуваат документи при договори на меѓународно ниво, секоја од овие древни нации имала свој примерок на договорот за ненапаѓање. Винклер не можел да верува колку голема среќа има!

## Прирачник
### за хетитски јазик

Се разбира, повеќето од овие таблички биле испишани со клинесто писмо на хетитски јазик. Со овој дополнителен материјал, научниците можеле да остварат голем напредок во разбирањето на хетитскиот јазик и во 1915 година Беджих Хрозни (Bedřich Hrozný) предизвикал сензација со објавувањето дека хетитскиот навистина е индоевропски јазик. Тој го поткрепил ова свое тврдење со толку многу докази, што научниците не можеле да му се спротивстават.

Како Хетитите, кои потекнувале од Палестина и имале хананско етничко потекло, можеле да зборуваат на јазик од европски тип, во тоа време било предмет на шпекулации. Но било факт дека тоа е индоевропски јазик и научниците морале да се помират со тоа. Во 1929 година овој јазик бил толку познат, што веќе бил издаден прирачник за хетитски јазик.



## Дешифрирање на хетитските хиероглифи

Значи, Хетитите биле идентификувани како народ, а нивниот јазик преведен. Сега останал уште само еден проблем: дешифрирање на хетитските хиероглифски натписи. Никој не ни помислувал дека тоа ќе биле лесна задача.



Всушност, Арчибалд Сејс се соочил со тој проблем многу години пред тоа. Еден ден, тој открил еден извештај каде што се споменувал некој печат што бил најден во западна Турција и испратен во Британскиот музеј. Било познато дека печатот е испишан со клинесто писмо и со некои непознати знаци. На Сејс ова му изгледало како двојазичен печат и токму затоа бил потребен филолог за да го открие и да го протолкува овој непознат јазик: иста порака испишана на два јазика, од кои едниот е веќе познат. Сејс тргнал во потрага по овој печат.

Во музејот му било кажано дека таков печат им бил понуден, но тие го одбиле како лажен, бидејќи необичните фигури на него им биле сосема непознати, по што тој останал стаписан! Сепак, добро било тоа што, пред да биде вратен, била направена копија од овој Таркендемос печат и Сејс можел да продолжи со својата работа. Постигнал извесен напредок кога успеал да го протолкува зборот „крал“ и името на кралот но понатаму не можел. Текстот бил премногу краток.



## Значајни пронајдоци
### во Богазкале и Каратепе

Во 1934 година се случило уште нешто многу важно. Курт Бител (Bittel) вршел ископувања во Богазкале (кој во времето на Хетитите се нарекувал Хатуша) и притоа нашол не помалку од стотина двојазични печати и натписи.

Научниците биле пријатно изненадени и според сè, се чинело дека дешифрирањето на хетитските хиероглифи било само прашање на време. За жал, нивните надежи не се оствариле. Иако имало одреден напредок, сепак двојазичните текстови биле многу кратки за да се пронајде клучот по кој трагале научниците.

Дури во 1947 година бил пронајден долго бараниот клуч, кога Хелмут Теодор Босерт (Helmuth Theodor Bossert) ја прифатил поканата да предава на Истанбулскиот универзитет. Таа година тој водел археолошка експедиција во Каратепе, во јужниот дел на Турција, каде што имало стари урнатини. Постигнал драматичен успех откривајќи некои хетитски релјефи.



Наоѓалиштата во Богазкале и Каратепе

При крајот на ископувањето, Босерт пронашол врв на една камена плоча испишана со феникиско писмо. Продолжил со истражувањето и во близина открил уште еден таков камен на кој биле врежани некои нејасни хетитски хиероглифи. Бил пресреќен! Изгледало дека сонот му се исполнил! Открил двојазичен натпис по кој долго се трагало. Но поради тоа што немал доволно време да истражува понатаму на оваа тема, и бидејќи немало смисла да ги поттикнува очекувањата на своите соработници, тој набрзина повторно ги закопал камењата и на соработниците ништо не им кажал за тоа. Набргу сите се вратиле назад во Истанбул.



Хетитските хиероглифи денес може да се прочитаат

## Дешифрирање на хиероглифскиот код

По пет месеци Босерт се вратил во Каратепе. Бил човек кого многумина го сакале, и имал смисла за драматичност. Ги насочил своите соработници да копаат на местото на кое веќе ги закопал камените плочи и внимателно ги следел очекувајќи резултати. Не чекал долго, кога неговите луѓе ископале камен на кој пишувало нешто на феникиски јазик. Потоа тој ги насочил неколку метри подалеку, бидејќи знаел дека сега таму ќе најдат камен испишан на хетитски јазик. За неколку минути така и се случило. Набргу Босерт забележал дека она што му се чинело дека се хетитски хиероглифи на слабата светлина при заоѓањето на сонцето, всушност биле само гребнатини на каменот кои се создале со текот на времето при триење со други камења. Бил многу разочаран.

И покрај тоа, луѓето продолжиле да копаат и на негова радост малку подалеку бил ископан уште еден камен со хиероглифи. Сега веќе било само прашање на време кога ќе се открие кодот и да се одгатне тајната на хиероглифите. Сепак, и во денешно време не се знае во целост што означуваат некои од овие знаци, и затоа не може да се каже дека хетитските хиероглифи се потполно разбирливи и дешифрирани, и дека научниците можат да ја реконструираат историјата на ова некогаш големо кралство.



Хетитска борна кочија

## Од Палестина до Анадолија

Според библиските извештаи, Хетитите биле главно населени во Палестина во голем број, но или се преселиле или биле присилени да ја напуштат и да се населат во Анадолија. Веројатно бран доселеници дошол од северот и ги поразил Хетитите пренесувајќи им го индоевропскиот јазик и култура, а притоа го прифатиле нивното име - Хетити. Првиот владетел на овој нов народ бил Анита (Anittas), кој го освоил хетитскиот град Хатуша, сега наречен Богазкале и изговорил клетва на него. Клетвата не делувала баш најдобро, бидејќи по кратко време градот Хатуша бил повторно изграден и станал главен град на големото хетитско кралство. Денес урнатините на Хатуша се наоѓаат во близина на селото Богазкале.

Владетелот кој ги соединил Хетитите во еден консолидиран народ бил Лабарна (Labarnas). Тој станал легендарна фигура, па наредните кралеви го користеле неговото име како титула, како што египетските кралеви се нарекувале фараони. Еден подоцнежен владетел, Мурсилис I, ги во-



дел своите војници во освојувања маширајќи сè до Вавилон (Бабилон), кој го ограбиле и ја изнеле златната статуа на богот Мардук.



Кралски достоинственици во процесија

Но, Супилулиумас I бил човекот што ги довел Хетитите до врвот на нивната слава. Кралот потоа го изградил градот Хатуша и токму тој бил одговорен за натписот на каменот познат како Нишан Таш. Всушност, тоа е список на владетели и, се разбира, тука е ставен како последен владетел. Без двоумење, ова било направено со цел да се потврди неговото право на владеење и да се сочува споменот за него.

Супилулиумас ја развил својата војска во заканувачка воена машина со моќната сила на бојните коли. Ја воспоставил својата власт над земјите кои ние сега ги нарекуваме Турција и северна Сирија. Тој испратил порака со која му честита на Акенатон (Akhenaton) за неговото стапување на египетскиот престол.

## Поврзаноста со Египет

Во текот на походот на хетитскиот владетел Супилулиумас на Сирија, се случил драматичен инцидент. Во неговиот логор пристигнала египетска делегација со порака од Анкесенамен (Ankhesenamen), вдовицата на Тутанкамон. Пораката гласела вака: *„Мојот сопруг почина и јас немам ниту еден син. Но за тебе велат дека имаш многу синови. Дај ми еден твој син, да биде мој сопруг, зашто ако земам некој од моите слуги да ми биде сопруг, како можам да го почитувам?“*

Супилулиумас бил мошне изненаден од ова барање. Си мислел дека е ова премногу добро за да биде вистинито. Па затоа испратил делегација за да утврди дали е понудата вистинита или не. Делегацијата се вратила со порака дека е понудата вистинска и му била пренесена уште една порака од египетската кралица – хетитскиот принц да биде испратен во Египет. Супилулиумас веќе не се двоумел и испратил еден од своите синови. Сепак, ова одолговлекување било фатално.



Во меѓувреме Ај ги присвоил и престолот и младата кралица. Хетитскиот принц бил убиен пред да пристигне. Интригирачки е да се шпекулира како би течела историјата доколку Супилулиумас реагирал веднаш. Египет можел да стане провинција на хетитското кралство, со хетитски крал на престолот на Египет.

## Судирот на Муваталис
### и Рамзес кај Кадеш



Сепак, било неизбежно да дојде до судир меѓу двете суперсили. Тоа се случило во деновите на владеењето на Муваталис (Muwatallis). Негов противник бил Рамзес Велики од Египет. Овој судир всушност е познатата битка на Кадеш (Kadesh) кога Рамзес бил среќен што спасил жива глава. Неколку години подоцна тој требало да потпише пакт за мир со наследникот на Муваталис, Хатусилис III.



Тудалијас IV - последниот голем хетитски крал

### Хетитското кралство
## во заборав

Тогаш сонцето полека заоѓало над големото хетитско кралство. Тудалијас (Tudhaliyas) IV бил последниот голем хетитски крал. Тој бил посветен религиски реформатор и одговорен за камено-резбарските дела во Јазиликаја. На самиот влез бил изграден малечок храм од камен. Археолозите ги ископале и темелите на овој храм, кои и денес може да се видат.

Исто така постои и добро сочуван релјеф кој прикажува како Тудалијас му служи на својот бог. Религијата на Хетитите била политеистичка и фигурите што се појавуваат на површината на камењата прикажуваат некои од нивните богови.

Меѓутоа, т.н. „поморски народи“ ги освоиле Хетитите и го зазеле хетитското кралство, така што речиси го избришале од сеќавањето. Имало тука и мали обиди на отпор, но и тие набргу исчезнале. Така Хетитите биле изгубени и заборавени. Единствено Библијата ги сочувала податоците за овој голем народ сè до денешно време, кога Хетитите се повторно откриени и нивната историја реконструирана.





# АСИРИЈА



## Потеклото
### на Асирците

Многу одамна, според библиските записи, светот станал толку расипан и безбожен што Создателот бил принуден да ја уништи Земјата и сè што е на неа со сеопшт потоп. Преживеале само Ное и неговото семејство. Синовите на Ное биле Хам, Сим и Јафет. Од Сим настанале семитските народи на Блискиот Исток, од Хам потекнуваат хананските народи во Африка и Ханан, а остатокот од човечкиот род потекнува од Јафет.



Еден од синовите на Сим бил Асур. Библискиот извештај гласи: „Од таа земја излезе Асур и ги изгради Нинива... и Халах“ (1. Мојсеева 10,11). Нинива (или во некои преводи Ниневија; заб. прев.) станала политичка престолнина на асирското кралство. Тој град се наоѓал на источниот брег на реката Тигар, близу до Мосул во северен Ирак. Меѓу Арапите Нинива била позната како Кујунџик (Kuyunjik). Градот Халах, кој се наоѓал на триесетина километри јужно од Нинива, станал воен центар на Асирија, а познат е како Нимруд. Овие големи градови од асирската империја имаат мошне интересна историја.

Во енциклопедијата Британика од 1964 год. пишува: *„Списокот на сумерските кралеви, кој е комплетиран дури во почетокот на вториот милениум... прави разлика меѓу кралевите 'пред потопот' и 'по потопот'“* (том 2, стр. 960). За десетмината што владееле пред потопот се кажува дека владееле десети-

ци илјади години и изгледа претерано. Меѓутоа, тоа укажува на библискиот извештај според кој првите десет патријарси живееле невообичаено долго (1. Книга Мојсеева 5. глава).

## Ополномоштен владетел - Саргон I од Акад

Според асирските записи, првиот војсководец бил Шару-кин или попознат како Саргон I. Неговото име значи „кралот е легален“, што е мошне значајно, бидејќи се чини дека неговото раѓање било сè друго само не легално. На една глинена плочка биле запишани следниве зборови: „*Саргон, моќниот крал, кралот на Агада сум јас. Мајка ми беше волшебничка, а татко ми никогаш не го запознав. Мајка ми ме зачна, во тајност ме роди, ме стави во кошница од рогозина и со смола го запечати капакот. Ме фрли во реката што не ме потона, туку ме однесе до Аки, кој ме извлече од водата и ме одгледа како син*“ (Древниот Блиски Исток, книга 1, стр. 85 и 86).





Саргон бил динамична личност со ненаситна амбиција, па се чини дека среќата му се насмевнала. И покрај неговото сомнително потекло, тој успеал да го грабне престолот, да ја поведе војската и да создаде империја. Тој тврди дека го „измил своето оружје“ во Персискиот Залив и исекол кедри, веројатно во Либан. Тој го освоил Елам на исток и според неговите записи, стигнал до планините Таврос во јужна Турција. Неговиот главен град бил Акад, па затоа често е нарекуван Саргон од Акад, и покрај тоа што Акад никогаш не бил идентификуван со сигурност. Неодамнешните докази навестуваат дека се наоѓал во регионот на Багдад.

## Ебла на Тел Мардик

Сè до неодамна се сметало дека Саргон имал неприкосновена власт врз целиот Среден Исток, но тогаш била откриена Ебла. Ова место се споменува на неколку глинени плочки, но секогаш се сметало дека Ебла е некое неважно село некаде во Месопотамија. Така било сè додека еден млад, дваесет и тригодишен истражувач, Пауло Матие (Paulo Matthiae), не отишол во Сирија да бара локација за ископување во име на Универзитетот од Рим. Тој се вратил со препорака дека треба да се работи на место оддалечено седумдесет километри јужно од Алепо, наречено Тел Мардик. Во 1964 година таму започнала со работа „Италијанската археолошка мисија во Сирија“.

Но, почетокот не бил спектакуларен. Близу до мирното, сонливо арапско село Мардик, кое имало само околу петстотини жители, се наоѓал еден голем рид од околу 56 хектари. Тоа било огромно наоѓалиште според стандардите на Средниот Исток, па поради неговата големина и ископувањето било потешко. Од каде да се почне со една ваква тешка задача? Работниците биле упорни во својата работа сè до 1968 година кога дошле до возбудливо откритие. Пронашле една скршена статуа висока половина метар во својата природна големина, на која се наоѓал натпис долг дваесет и шест реда. Она што било возбудливо во врска со натписот било нешто што се чинело дека е име на крал: Ибит-Лим од Ебла. Ебла? Дали ова огромно наоѓалиште можеби е локацијата на древната Ебла?



Пауло Матие, археологот кој ја откри Ебла

Во ноември следната 1969 г. Матие стоел на главната железничка станица во Рим кога неочекувано сретнал еден свој стар пријател, Џовани Петинато (Giovanni Pettinato). Тој бил добар познавач на неосумерските трговски списи. Откако ги размениле првичните поздрави, Петинато го прашал: „*Пауло, дали си открил некои текстови со клинесто писмо во последниве години?*“ Пауло одговорил со загадочна насмевка: „*Дојди вечер кај мене*“.

На Петинато не му била потребна втора покана. Таа вечер ја пронашол куќата на Пауло, на „Виа Бреша“ бр. 25, и наскоро Петинато ги гледал фотографиите со натписот на статуата на Ибит-Лим. Петинато подоцна запишал: „*Не може да се опише возбудата што ја почувствував додека со погледот ги поминував 26-те редови врежани во базалтниот камен на обезглавената статуа*“. Тој потврдил дека зборот Ебла се појавува најмалку двапати во натписот. Наскоро Матие го назначил Петинато за официјален толкувач на записите од Ебла. Тоа била одлука за која подоцна се покајал.

## Пронајдена библиотеката на Ебла

Поминале уште пет заморни години исполнети со напорно ископување пред следното спектакуларно откритие. Тогаш, во август 1974 год, Петинато примил телеграма од Матие од Дамаск: „*Пронајдена библиотека со 40 глинени плочки. Стоп. Те чекам во Сирија*“.

Матие не морал долго да чека. На почетокот на септември Петинато пристигнал на аеродромот во Дамаск, каде што бил дочекан од Матие. Веднаш заминале во Тел Мардик и на Петинато му биле дадени глинените плочки. Тој молкум ги разгледувал една по една, а потоа погледнал во љубопитните лица на луѓето што биле собрани околу него полни со исчекување, и рекол: „Тек-

*стот, се чини одговара на месопотамско писмо, НО ЈАС НЕ РАЗБИРАМ НИТУ ЕДЕН ЗБОР".*

За миг сите биле стаписани. Пред нив стоел познат експерт за клинесто писмо, но тој не разбирал ниту збор од текстот што го гледал. А тогаш молкот прекинал и сите зачудени почнале да зборуваат во исто време. Сè било залудно. Иако зборовите што биле пред нив можеле



да се прочитаат, не можеле да бидат преведени. Тие биле исто толку мистериозни како и натписот на ѕидот на палатата на Валтазар (Белшазар), но таму не бил Даниел *„да го прочита напишаното и да им го протолкува".*

Не можеле ништо да направат. Петинато немал друг избор, освен да се врати во Рим со глинените плочки и да започне со интензивно проучување на овој очигледно нов јазик. На 23 април 1975 год., во текот на едно јавно предавање на Римскиот папски институт, Петинато објавил дека текстовите од Ебла биле напишани на јазик од северозападната семитска група јазици, поточно на стар хanански (канаански) јазик.

Ова претставувало сензационално откритие. Еден од неизбежните критичари со потсмев изјавил: *„Петинато измислува нов јазик".* Но времето покажало дека тој не измислил нов јазик, туку напротив, успеал да идентификува еден стар јазик, всушност постар од сите оние за кои се сметало дека постојат. Значаен аспект бил фактот дека стручњаците гледале во нешто што веројатно претставувало јазик на кој биле пишувани најстарите библиски записи. Но тоа било само почеток на возбудливите открития!



Скалила што водат до просторијата каде што биле чувани глинените плочки



## Огромната библиотека **повторно е отворена**

Неколку месеци подоцна Петинато примил уште една телеграма од Матие со која тој го известил дека е откриено ново наоѓалиште. Овој пат се пронајдени уште околу 1000 текстови и фрагменти. Петинато наскоро повторно заминал на терен. Вечерта на 30 септември истата година, додека Петинато бил наведнат над глинените плочки во една мала собичка, влегол еден задишан човек со порака дека на теренот на кој тој вршел ископувања, штотуку пронашол огромна количина на глинени плочки. Земајќи ја керозинската ламба, Петинато побрзал на местото и, ѕиркајќи низ отворот, здогледал цел куп големи правливи глинени плочки на кои имало разни знаци напишани со клинесто писмо.

Внимателно спуштајќи се на длабочина од осум метри, Петинато немо ги разгледувал правливите глинени плочки кои илјадници години лежеле тука недопрени. Со чувство на стравопочит, тој ја подигнал првата глинена



Плочките откриени во Ебла го откриваат древниот хanански јазик



114 плочки содржат речници

плочка и на неа прочитал: *„Градот Арга е во рацете на кралот од Ебла; градот Ладаину е во рацете на кралот од Ебла“.*

Кога Петинато ги превел зборовите запишани на статуата од Ибит-Лим и го идентификувал наоѓалиштето Мардик како Ебла, критичарите го нападнале. *„Еден натпис не значи ништо“*, мрмореле тие, *„оваа статуа можеби била донесена од некое место оддалечено илјадници километри“*. Се разбира, постоела таква можност, но сега веќе постоеле необорливи докази. Археолозите навистина ја откриле Ебла.

Кај Ебла биле пронајдени околу 20 000 глинени плочки и фрагменти и Петинато со восхит работел на нивниот превод. Почнале да се појавуваат и некои изненадувачки факти.

## Цивилизацијата во Ебла

Се покажало дека Ебла не била само голем град со околу 260 000 жители, туку тоа било многу цивилизирано општество со високо развиен образовен систем. Сто и четиринаесет од глинените плочки претставувале речници, подредени по азбучен ред, кои го објаснувале значењето на зборовите, па дури и нивниот изговор. Имало и лексикони со објаснување на значењето на сумерските зборови на јазикот на кој се зборувало во Ебла. Исто така, имало и енциклопедии кои содржеле информации за ботаниката, зоологијата и минералогијата. Една глинена плочка била книга од видот „Која е оваа птица?“, во која биле идентификувани 142 вида птици во таа област.

Потоа на нив биле запишани и сопствени именки кои веќе биле познати: Адам, Аврам, Исав, Давид, Саул, Тамара, Јотор, Сисара, Далила и уште многу други. Имало дури и зборови како Бен-Израел, што значи синови или деца на Израел. Се разбира, никој не можел да тврди дека овие глинени плочки се однесуваат на вистинските библиски личности со тие имиња, но станувало мошне очевидно дека библиските извештаи добивале сè поголема историска улога. Библиските имиња не биле само измислени имиња. Тие биле вистински луѓе со нивните вистински имиња. Ете, и во Ебла живееле луѓе со слични имиња.



## Потврдено постоењето на Содом и Гомора

И имињата на местата имале големо значење. Во еден од текстовите се споменуваат Седом и Аморах, кои Петинато ги идентификувал како Содом и Гомора. Сè до неодамна, критичарите сметале дека извештајот за уништувањето на Содом и Гомора, забележан во 1. Мојсеева 19 глава, бил измислен. Овие имиња не се споменувале во ниту една друга литература освен во Библијата и повеќето научници ги сметале за легенди.






Но на глинените плочки од Ебла не само што се споменуваат Содом и Гомора, туку во истиот контекст Петинато ги идентификувал и имињата на Адма, Севоим и Валах, според тој редослед. Токму така овие градови се наброени во извештајот за Аврам и петте цареви во 1. Мојсеева 14 глава. Ваквата идентификација предизвикала бура протести меѓу научните кругови, па дури и Петинато признал дека се сомневал во врска со последните три имиња.

За жал, Петинато и Матие испаднале од тимот, а првиот од нив бил сменет од положбата толкувач на табличките од Ебла. Всушност, се појавиле неколку доста зајадливи заемни префрлувања во археолошките списанија меѓу тимот што ја истражувал Ебла. Но не смееме да го заборавиме остриот напад врз несреќниот Кнудцин, заради неговата идентификација на хетитскиот јазик како индоевропски, поради што кутриот морал да се повлече. Но со текот на времето се покажало дека тој бил во право. Можеби не е откриено сè за Содом и Гомора.

## Ебла, престолнина на големото кралство

А, каква врска има сето ова со Саргон од Акад? Еве каква. Глинените плочки од Ебла откриле дека во еден период Саргон исплатувал данок на Ебла. Да не заборавиме, внукот на Саргон, Нарам Син



подоцна ја освоил и ја уништил Ебла, за што археолозите пронашле и докази. Ние денес мора да го прифатиме фактот дека Ебла некогаш била центар кој управувал со територија од Анадолија до Синај, и од Кипар до Персија. Историчарите морале да ги ревидираат своите учебници за асирската историја во овој период. Саргон владеел 56 години, а потоа го наследиле неговите два сина, кои комбинирано владееле во наредните 24 години. Потоа на власт дошол Нарамсин, внукот на Саргон, кој владеел 37 години. Најпознат споменик што му е посветен е каменит столб подигнат во чест на неговата победа врз едно варварско племе од планините Загрос, кои се познати под необично име, Лулуби (Lullubi).



Стелата на Нарамсин во чест на неговата победа над племето Лулуби

Но, најтешкото време за Асирија допрва требало да настапи. Едно варварско племе од исток наречено Гути, ја преплавило земјата сеејќи смрт и уништувајќи сѐ пред себе. Тие биле нецивилизирани и не оставиле многу записи за своето тиранско владеење.

## Нова низа на моќни кралеви

Овој темен период го обележала борбата за власт помеѓу владетелите на Ур и Аморејците, за кои ќе научиме нешто повеќе во наредните теми. Но, на самиот почеток на тринаесеттиот век пред Христа, на тронот дошла нова лоза асириски кралеви. Адад-Нирари I со своите трупи тргнал на запад и го освоил, а неговиот наследник, Салманасар I го следел неговиот пример. Тој го обновил градот Калак, библискиот Халах. Наскоро моќта им опаднала, но во десеттиот век пред Христа, асирската доминација над Средниот Исток била наметната со одмазда, и кралството го достигнало својот врв на славата. Сепак, пред да дискутираме за оваа ера на воена моќ и културен сјај, мораме да ги разгледаме изворите на нашите сознанија.

За пристапот до овие сознанија бил заслужен еден млад Англичанец со авантуристички дух и, иако е чудно, тој воопшто немал намера да биде археолог кога тргнал кон Блискиот Исток.







Лејерд бил првиот што ископувал во Асирија

## Археологот Хенри Остин Лејерд

Вестминстерската опатија во Лондон е место каде што се погребани великаните на Англија, но некои исклучителни личности сепак не стигнале до таму. Во непосредна близина се наоѓа црквата Света Маргарета и на еден од нејзините ѕидови стои изгравиран следниот натпис: *„Ве молиме, сйомнеше си за Хенри Осшин Лејерд (Henry Austin Layard), човекош кој ја ошкри Нинива“.*




Ваквиот текст и не е баш нешто според кое Лејерд би сакал да биде запаметен. Неговиот татко бил член на парламентот, а како млад човек и Лејерд имал претензии за политичка служба. Можеби, ако среќата му била малку повеќе наклонета, тој ќе станел и премиер на Англија. Всушност, тој навистина станал успешен член на парламентот и бил назначен за заменик-секретар за надворешни работи во британската влада. Подоцна бил назначен за британски амбасадор во Мадрид, а потоа во Константинопол.

Меѓутоа, како младо момче, тој се подготвувал да стане адвокат, но татко му починал, па така иднината на младиот Лејерд била мошне несигурна. Неговата мајка била мошне загрижена, па кога Лејерд добил покана од вујко му во Цејлон да работи со него како адвокат, Лејерд прифатил. Токму тука неговиот живот тргнува во необична насока.

Во исто време, и еден негов пријател, Едвард Митфорд (Edward Mitford), бил назначен да работи во Цејлон, па двајцата решиле да патуваат заедно. Единствениот проблем бил што Митфорд не можел да поднесе патување со брод, а бидејќи во тоа време не можело да се патува со авион, тие решиле да патуваат по копно.

## Преку Цејлон за Блискиот Исток



Тие најнапред тргнале со кочија, потоа со речен транспорт до Далмација, каде што завршувал јавниот превоз. Знаете, и тоа понекогаш се случува. Можеле да направат само едно, да купат коњи и да го продолжат патот со јавање. Тоа не било лесно за Лејерд, бидејќи тој никогаш порано не јавал на коњ, но се разбира, наскоро научил, па го продолжиле патувањето. Тоа било во 1839 година.

Митфорд имал 32 години, Лејерд имал 22, а нивните интереси биле сосема различни.


Околу 1938 год. Лејерд ги посетил урнатините на Петра

Митфорд се интересирал за природата – за флората, животните и птиците. Лејерд се интересирал за историјата – за тврдини, замоци и за уметност. Но сепак добро се сложувале и стигнале до Константинопол каде што Лејерд се разболел од маларија и за малку ќе умрел. Докторот го означил пределот на неговиот стомак каде што требало да му стави пијавици. Пијавиците требало да му ја „извлечат лошата крв". И покрај таквиот третман, Лејерд закрепнал и тие го продолжиле своето патување.

## Во **Петра**

Кога стигнале до Ерусалим, Лејерд инсистирал да одат до изгубениот град, Петра, кој бил откриен во 1812 година. Митфорд бил попретпазлив и не сакал да се впушта во тоа, бидејќи подрачјето било мошне опасно, па Лејерд продолжил сам. Тој навистина се нашол два пати во животна опасност, а кога се вратил, Митфорд веќе бил заминат, зашто се изморил од чекање. Лејерд успеал да го стигне кај Алепо и тие заедно јавале до Мосул. Тука Лејерд за прв пат ги здогледал ридовите на Кујунџик (Kuyunjik). Бил обземен од амбицијата да дознае што се крие под тие ридови.

Во Мосул останале две седмици, и тогаш Лејерд го запознал Тексие, кој го открил Хетитскиот град Хатуша во Турција. Спуштајќи се со сплавови по реката Тигар, Лејерд ги здогледал урнатините кај Нимруд, па кај него повторно се разгорела желбата да открие што има под тие урнатини.

## Престој на **Блискиот Исток**

Во Багдад останале доволно долго за да го научат персискиот јазик, а потоа одјавале до Хамадан во Персија, каде што конечно и се разделиле. Митфорд сакал да тргне по побезбедниот пат на север покрај Каспиското Море, а Лејерд сакал да тргне по поопасниот пат кон југ.

Лејерд никогаш не стигнал до Индија. Се приклучил на племето Бактиари во нивниот отпор против персиската влада, и останал со нив две години. Но, нивниот отпор не успеал, па Лејерд се вратил во Багдад, каде што британската амбасада го замолила да однесе неколку пораки до Константинопол.

Во текот на патувањето, кај Мосул, тој се сретнал со францускиот конзул, Пол Емил Бота (Paul Emile Botta), кој исто така бил заинтересиран за ископините во Кујунџик. Подоцна Бота започнал таму со ископување, но не постигнал никаков успех.

Во Константинопол на Лејерд му била понудена работа во британската амбасада, која тој ја прифатил. Во меѓувреме, Бота ја преместил својата работа во Корсабад (Khorsabad) каде што постигнал огромен успех. Всушност, тој му напишал на Лејерд: *„Дојди да се забавуваме малку со археолошки ископувања во Корсабад"*. Лејерд не ја прифатил поканата, но успеал да го убеди британскиот амбасадор, Сер Стратфорд Канинг (Canning), дека не е во полза на Британците да им се дозволи на Французите да ги откријат сите крилести бикови. Канинг му дал на Лејерд свои приватни парични средства, па во 1843 година Лејерд се вратил во Мосул.

## Ископувањата кај **Нимруд**

Лејерд започнал со ископување кај Нимруд и веднаш постигнал успех. Кога извонредните ископани релјефи и споменици пристигнале во Лондон, предизвикале огромен интерес. Ова е разбирливо ако се земе предвид дека во тоа време вкупната асирска колекција во Британскиот музеј била сместена во еден стаклен сад со големина од еден квадратен метар.







Можеби најважното откритие на Лејерд бил еден голем црн столб на кој е прикажан еден странски владетел кој му се поклонува и му оддава почит на асирски крал. Приближно во тоа време Сер Хенри Ролинсон (Henry Rawlinson) успеал да го дешифрира асирското клинесто писмо (овој возбудлив настан ќе го сретнете во делот за Персија) и кога овие двајца го прочитале натписот на столбот, биле восхитени што откриле дека асирскиот владетел бил Салманасар III (Shalmaneser III), а дека личноста која клечела пред него бил израелскиот цар Јеху (или Јуј). Ова било првпат името на еден библиски цар да се најде на споменик и тој сè уште е единствениот познат споменик на кој се прикажува ликот на еден израелски цар.

Во 1847 година Лејерд се вратил во Лондон каде што напишал многу популарна книга во два тома под наслов „Нинива и нејзините остатоци".

## **Сензационални** откритија за асирската историја

Во 1849 година Лејерд се вратил во Мосул и овој пат добил дозвола да врши ископување кај Кујунџик. Тој постигнал успех кој, се чини, му бил недостижен на Бота. Успеал да се пробие до палатата на Сенахерим и да пронајде неколку




Израелскиот цар Јеху (или Јуј) му се поклонува на Салманасар

огромни релјефи кои ја претставуваат асирската опсада на Лахис (Lachish). Оваа опсада е запишана во Библијата во 2. Книга за царевите 18 и 19 глава, а овде тој пронашол асирски слики за тој настан. За библиски ориентираното општество, ова претставувало сензационално откритие. Лејерд ја открил и палатата на Асур-Бани-Пал, последниот голем крал на Асирија, а во оваа палата биле пронајдени околу 10 000 глинени плочки и фрагменти.

Во 1851 година Лејерд се вратил во Англија со намера да се вклучи во светот на политиката, но неговите откритија ја отвориле вратата за запознавање на историјата на големото асирско кралство.

А сега, да се вратиме назад во историјата на Асирија. Во десеттиот век пред Христа, под водство на Ашур-Дан II, 933 пред Христа и Адад-Нирари II, 910-889 пред Христа, ние повторно слушаме за успесите на Асирија.

## Страв и трепет
### на Блискиот Исток

Потоа на власт дошол Ашур-Насир Пал II, страв и трепет на Блискиот Исток, чија статуа се наоѓа во Британскиот музеј. Тој е познат по суровоста со која ги водел војните. Неговите непријатели биле набодувани на колци, обезглавувани или, пак, биле живи дерени.

Тој изградил прекрасна палата во Калак. Тоа било првото асирско здание украсено со релјефи на сидовите кое водело кон ерата на асирската релјефна уметност што цветала сè до падот на кралството. Тоа била палатата која Лејерд ја открил кога започнал со своите ископувања.


Ашур-Насир Пал II

Синот на Ашур-Насир-Пал, Салманасар III, го одржал кралството, иако се чини дека доживеал неуспех во битката кај Каркар, каде што му се спротивставиле Бен-Адад од Сирија и царот Ахав од Израел, кој има значајна улога во библискиот извештај за пророкот Илија во 1. Книга за Царевите 18 - 22 глава. Ова е тој Салманасар чиј обелиск, на кој е прикажан Јеху како му се поклонува, бил пронајден од Лејерд во Нимруд. Него го наследил неговиот втор син, Шамши-Адад V (Shamshi-Adad V) во 824 година пред Христа.

Значајно е да се забележи за тој историски период библискиот извештај тврди дека: *„Дојде слово Господово до Јона, синот на Амитај: Стани и оди во Нинива, градот голем, и проповедај во него, зашто неговите лоши дела стигнаа до мене“* (Книга на пророкот Јона 1,1.2). Исто така е значајно дека асирските записи споменуваат религиозна реформа за време на владеењето на Адад-Нирари III, синот на Семирамад со Самси Адад V. Очевидно, кога Јона се појавил на улиците на Нинива со застрашувачката најава: *„Уште четириесет дена и Нинива ќе биде разурната“*, жителите ја прифатиле пораката и го промениле својот начин на живот.

## Напади
### на Израел и Самарија

Но покајничкото расположение набрзо поминало. Во 745 г. пред Христа Тиглат-пилесер III (Tiglat Pileser III) седнал на престолот и дивеел насекаде со својата војска. Библијата го забележува неговиот упад во Израел: *„Тогаш Бог Израилев го поттикна духот на асирскиот цар Пул и духот на асирскиот цар Тиглат-пилесер, и тие ги преселија Рувимците и Гадовците и половината од племето Манасиево“* (1. Дневникот 5,26).


Тиглат-пилесер III

Неговиот син, Салманасар V, ја продолжил освојувачката политика на својот татко. Неговиот главен воен поход бил насочен против главниот град на Израел: *„Во четвртата година од владеењето на царот Езекија... асирскиот цар Салманасар тргна против Самарија и ја опсади“* (2. Книга за царевите 18,9). Опсадата траела три години, но пред да биде поразена Самарија, се случил воен преврат и престолот го презел Саргон II, па тој си ја припишал заслугата за освојувањето на Самарија. Библискиот извештај едноставно додава: *„и по три години ја презеде“* (2. Книга за царевите 18,10).

### Владеењето на
## Сенахерим

Синот на Саргон бил Сенахерим (Сенахериб). Тој ја преселил својата престолнина најнапред во Асур, а потоа во Нинива, каде што изградил нова палата. Таа палата ја ископал Лејерд, откривајќи многу вешто изработени релјефи. Владеењето на Сенахерим го одбележале серија востанија. Вавилон се побунил, и во 689 г. пред Христа Сенахерим го освоил, го ограбил и го уништил, го сменил текот на Еуфрат и го поплавил градот.

Јудејскиот цар Езекија одбил да плаќа данок и Сенахерим го опколил Ерусалим. На една


Сенахерим




Освојувајќи го Египет, Есархадон го проширил асирското кралство многу повеќе од неговите претходни граници

глинена призма која сега се наоѓа во Британскиот музеј, запишана е фалбата на Сенахерим: *„Што се однесува за Евреинот Езекија, бидејќи тој не се потчини под мојот јарем, јас опколив 46 од неговите добро утврдени градови... Него го заробив во Ерусалим, во неговата царска престолнина, како птица во кафез“.* Значајно е тоа што тој не тврди дека го освоил Ерусалим, зашто и Херодот и Библијата тврдат дека тој бил принуден на понижувачко повлекување. Во Библијата е запишано: *„Затоа вака говори Господ за асирскиот цар: тој нема да влезе во овој град, нема да фрли во него стрела... и во таа ноќ ангел Господов отиде и во асирскиот логор уби 185 000 војници“* (2. Книга за Царевите 19,32-35). Набргу по враќањето во Нинива, Сенахерим бил убиен од своите синови, и престолот го наследил Есархадон (Esarhaddon).

## Владеењето на **Есархадон** и **Асурбанипал**

Есархадон го проширил асирското кралство многу повеќе од неговите претходни граници со тоа што го освоил Египет. Мемфис бил заземен а земјата била поделена на 22 области кои биле под управа на асирски гувернери. Тој (Есархадон) изградил нова палата во Нинива. Таа досега не е ископана и веројатно никогаш нема ни да биде, бидејќи врз неа е изградена голема џамија. Муслиманите веруваат дека тука бил закопан пророкот Јона, па местото се нарекува Неби Јунус (Nebi Yunus).

Меѓутоа, во 1990 година на надворешниот sид се појавиле пукнатини и темелите морале да се поправат. Тогаш бил ископан еден бик од камен.

Следниот и последен голем владетел на Асирија бил Асур-Бани-Пал. Тој не само што повторно го окупирал Египет, туку со трупите навлегол на југ сè до Луксор и го освоил. Според обичајот на асирските кралеви, тој изградил нова палата во Нинива. Бил учен човек и наполнил една огромна библиотека во својата палата. Не само што собрал голем број глинени плочки со клинесто писмо туку кога не му биле достапни оригинали, тој наредил да се изработат копии за не-

*продолжува на стр. 31*


Есархадон



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## ХЕТИТИ

1. Колку пати се споменуваат Хетитите во Библијата?
   Одговор: ____________
2. Која година Буркхарт ги видел камењата во Хамат?
   Одговор: ____________
3. Во близина на кое село Тексие открил урнатини на голем град?
   Одговор: ____________
4. ____________ бил одговорен за пренесување на камењата од Хамат во Константинопол.
5. Во која година Сејс објавил дека древните споменици во Турција им припаѓале на Хетитите? Одговор: ____________
6. Големиот крал на Хетитите, ____________, му пишал на фараонот Акенатон, честитајќи му го стапувањето на престолот.
7. Двојазичниот натпис кој овозможил да се преведат хиероглифите на Хетитите, бил пронајден кај ____________ во Турција.
8. Кралот ____________ го покорил хетитскиот град Хатуша и изговорил клетва врз него.
9. Хетитскиот крал ____________ војувал против Рамзес Велики од Египет во битката кај Кадеш.
10. Хетитскиот крал ____________ бил одговорен за камено-резбарските дела кај Јазиликаја?

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ____________

АРХЕОЛОГИЈА

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# АСИРИЈА

**1.** Градот ____________ бил политички центар на Асирија.

**2.** ____________ бил првиот владетел кој основал империја на Блискиот Исток.

**3.** Стариот град ____________ бил откриен кај Тел Мардик.

**4.** Првите ископувања на градот Нимруд, библиски Халах, ги извршил ____________

**5.** Кој вршел ископувања во Корсабад, градот на Саргон II?

Одговор: ____________

**6.** Израелскиот цар ____________ се борел против Салманасар во битката кај Каркар.

**7.** Името на израелскиот цар ____________ било откриено на столб подигнат во чест на Салманасар.

**8.** Кој асирски владетел се фалел дека го затворил Езекија како птица во кафез? ____________

**9.** Асирскиот крал ____________ направил огромна библиотека со глинени плочи кај Нинива.

**10.** Кој библиски пророк претскажал дека

(а) Нинива ќе биде закопана ____________;

(б) стада ќе пасат сред Нинива ____________.

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат) ____________

### Ваши податоци

Име и презиме ____________ Телефон ____________

Адреса ____________

Откако ќе ги одговорите прашањата и внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



И покрај помошта од фараонот Нехо, Асирија била поразена во битката кај Каркемиш

говата библиотека. Тоа биле глинените плочки кои Лејерд ги пронашол и ги испратил во Британскиот музеј. Но времето на големата асирска империја полека одминувало. Израелските пророци веќе ја објавувале нејзината пропаст.

## Пророштвото за **пропаста на Нинива**

Целата книга на пророкот Наум е посветена на судбината на Нинива. *„Тешко на крвничкиот град!“* извикувал со силен глас пророкот. *„Тој е полн со измама и убиства... а за тебе, Ниневијо, Господ нареди: нема да продолжи родот твој; ...ќе ти направам гроб зашто си безвредна“* (Книга на пророкот Наум 3,1; 1,14). Нинива требало да биде закопана. Крајот стигнал со драматична брзина.



Во 612 год. пред Христа. Вавилонците и Медите ненадејно ја нападнале Нинива и го запалиле градот. Кралот и неговиот харем исчезнале во огнот.

Со помош на египетскиот фараон Нехо (Necho), последната битка се водела кај Каркемиш, но Вавилонците победиле и судбината на Асирија била запечатена. Нинива никогаш повторно не била изградена, а со текот на времето била прекриена со земја и прав, така што по 200 години никој не знаел каде се наоѓа. Кога Бота вршел ископувања и го открил Корсабад, тој помислил дека ја открил Нинива. Кога Лејерд ги завршил ископувањата кај Нимруд, се вратил во Лондон и ја напишал книгата „Нинива и нејзините остатоци“. И двајцата истражувачи мислеле дека ја пронашле Нинива, но и двајцата згрешиле, зашто Нинива била сè уште затрупана.

Пророкот Софонија претскажал: *„Господ ќе ја претвори Нинива во урнатина, во место суво како пустина, и стада ќе лежат по неа“* (Софонија 2,13.14). Денес пастирите од Мосул (во Ирак)

АРХЕОЛОГИЈА ископување на минатото

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 2, година I, 2014 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Томислав Треневски** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

ги пасат своите овци меѓу дините на Нинива, и не помислувајќи на моќниот град кој лежи закопан под нивните нозе.

*„Нема да продолжи родот твој“; „каде е лавот што грабаше...?“*, изјавил пророкот Наум, а за луѓето од Мосул, Нинива е заборавена.



Асурбанипал во лов на лавови

Денес само историчарите и археолозите си спомнуваат за славата која некогаш му припаѓала на овој голем град.



# ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

## ВАВИЛОН и НОВОВАВИЛОНСКА ИМПЕРИЈА

- Кој ја градел првата Вавилонска кула?
- Хамурабиевиот законик
- Во потрага по Ноевиот брод
- Историјата на светот објавена на царот Навуходоносор
- Архитектура, уметност и артефакти

